Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
04.02.2025
03 | 68 | 1

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20___ година viti
Потпис Nënshkrimi

# ЗАПИСНИК

## за извршен инспекциски надзор

ИП 1 бр. 57-52/2024
Датум: 29.01.2025 година

1) **Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Национална установа – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица | | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „27 Март“ бр. 2 – Струмица | | |
| Адреса за е-пошта | zavodmuzej@yahoo.com | | |
| Телефон | (034) 345-925 | | |
| Матичен број на субјектот/ЕМБС | / | | |
| Даночен број на субјектот | 4027984106130 | | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180100919960310 | | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ | | |
| Одговорно лице на субјектот: | | | |
| Име и презиме: директор на ЗЗСК и Музеј, Струмица | , в.д. | Телефон: | Е-пошта @gmail.com |

2) **Податоци за инспекцискиот надзор**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. <u>КОНТРОЛЕН</u> |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 20.01.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 29.01.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 16.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | НУ–Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Струмица (**во натамошниот текст: НУ-ЗЗСКМ, Струмица)** | | |


Министерство за култура и туризамна Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Дејности на музеите (шифра 91.02) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Надзорот е извршен во просториите на Министерството за култура и туризам, Сектор за управен и инспекциски надзор |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Записникот за извршен редовен инспекциски надзор ИП 1 бр. 57-52 од 24.06.2024 година и Решението со наредба ИП 1 бр. 57-52 од 01.07.2024 година, при што надзорот е планиран согласно со Месечниот план за работа на СУИН на МКТ за м. јануари, 2025 г., со дел. бр. 57-11851/1 од 27.12.2024 година.

4.)**Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Сабина Синан, главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам (**во натамошниот текст:** МКТ).

5.) **Предмет на контролниот инспекциски надзор**

**Предмет:** со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, во истекот на рокот определен во инспекцискиот акт, при извршениот редовен инспекциски надзор, постапил или не постапил по инспекцискиот акт – Решение со наредба ИП 1 бр. 57-52 од 24.06.2024 година.

**Основ:** член 44 став (1) од Законот за музеите („Сл. весник на РМ бр. 66/04, 89/08, 116/2010, 51/2011, 88/2015, 152/2015 и 39/2016 и „Сл. весник на РСМ" бр. 103/21), член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 23/19 и „Сл. весник на РСМ" бр. 265/24), а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019 и 272/24).

6.) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за контролен инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.


Министерство за култура и туризамна Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

7.)За **време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме: | Телефон: | Е-пошта: |
|---|---|---|
| в.д. директор на ЗЗСК и Музеј, Струмица | | |

**8.) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, учествуваше следното лице:**

| Ред. бр. | Име и презиме/својство | Контакт податоци |
|---|---|---|
| | правник – советник за административни, општи и правни работи | (074) 207 – 919<br>gmail.com,<br>@yahoo.com |

9.)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на контролниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

**10.)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1. Согласно со Решение бр. 44-14131/1 од 10.12.2021 г., е разрешен од должноста директор врз основа на член 33 став (2) т. 2 и 4 од Законот за културата, а истовремено, за в.д. директор согласно со Решение бр. 44-14131/1 од 10.12.2021 г. врз основа на член 34 ст. (1), (2) и (3) од Законот за културата, од редот на вработените на Установата, со мандат до изборот на директор, а најдолгу за шест месеци,е именуван , којшто согласно со Решението бр. 44-7137/1 од 09.06.2022 г., престана да ја врши должноста вршител на должноста директор на ЗЗСКМ-Струмица. Истовремено, согласно со Решението бр. 44-7137/2 од 09.06.2022 г., од редот на вработените на Установата, со мандат до изборот на директор, а најдолгу за шест месеци, за в.д. директор е именуван , којшто повторно е именуван со следните 3 (три) решенија бр. 44-7137/3 од 12.12.2022 г., бр. 44-6244/1 од 13.06.2023 г. и бр. 44-11300/3 од 25.12.2023 година.

Согласно со Решението бр. 44-6402/1 од 27.06.2024 г., на лицето му престана вршењето на должноста вршител на должноста директор на Заводот,

**поради истек на мандатот** врз основа на член 34 од Законот за културата, а истовремено согласно со Решението 44-6402/2 од 27.06.2024 г., е именуван за в.д. директор, со мандат до изборот на директор, а најдолгу за шест месеци. При надзорот, на увид е презентирана Тековна состојба со бр. 0805-150820240002993 од 04.07.2024 г., издадена од Централен регистар на РСМ, РРК, Струмица, за извршена промена на овластено лице на Установата. Според Тековната состојба, овластено лице - раководител на Подружницата – Галерија на икони, Струмциа, е

На ден 25.10.2024 г., објавен е Јавен оглас за избор на директор на НУ-ЗЗСКМ, Струмица, по којшто од страна на министерот за култура и туризам врз основа на член 29 став (1) и член 30 став (1) од Законот за културата и челн 21 од Законот за работните односи („Сл. весник на РМ“ бр. 62/95, ... и „Сл. весник на РСМ“ бр. 111/2023), е донесено Решение бр. 44-10689/1 од 29.11.2024 г., за невршење на избор на директор и за повторно распишување нов јавен оглас за избор на директор на НУ-ЗЗСКМ, Струмица согласно со закон.

10.2.При извршениот редовен инспекциски надзор кај субјектот на надзорот, за утврдените неправилности од аспект на примена на одредбите од Законот за музеите и подзаконските акти со Записникот ИП 1 бр. 57 – 52 од 24.06.2024 г., од страна на инспекторот за култура е издаден инспекцискиот акт - **Решение ИП 1 бр. 57-52 од 01.07.2024 г.**, со коешто на субјектот на надзорот – НУ-ЗЗСКМ, Струмица, му е наредено да ги преземе следниве мерки за отстранување на утврдените неправилности, и тоа:

1.1.Основната музејска евиденција, односно Влезната книга на музејскиот материјал, Инвентарна книга на музејските предмети, Излезната книганамузејскиот материјал и музејските предмети, Картотека на музејски предметии Каталогот на музејски предмети за сите музејски предмети во сопственост на Музејот, да се води во целост на начин пропишан со **членовите** 2, 3 и 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотека, книгата за изложби и другите видови на музејска евиденција и музејска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 72/2006 - **во натамошниот текст: Правилник**),
1.2. За сите записи од постојната електронска евиденција(картотеката на музејски предметии од Каталогот на музејски предмети,), да бидат направени, т.е. испечатени исписина хартија на посебен лист и истите да бидат соодветно


Министерство за култура и туризамна Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

заверени со потпис на одговорното лице - директор и со печат на Музејот согласно со обврската од член 2 став (2) од Правилникот.

1.3.Согласно со обврската од член 3 став (1) од Правилникот, листовите за направените записи од електронската евиденција, да бидат подврзани во тврдо укоричена музејска книга за евиденција, најмногу до 500 страници, соодветно нумерирани, односно секоја страница да е обележана со реден број. Според член 3 ставовите (3) и (4) од Правилникот, по правило во една музејска книга се подврзуваат најмалку дваесет и пет листови, а според член 3 став (2) од Правилникот, музејската книга на задната страна на корицата, се заверува со своеречан потпис на одговорното лице и печат на музејот.

1.4.Покрај задолжителната основна музејска евиденција согласно со **член 17 од Правилникот**, НУ-ЗЗСКМ-Струмица да започне и со водење на **дополнителна музејска евиденција - Книга за чување на музејските материјали, што не се во сопственост на музејот**, во којашто согласно со членовите 18 и 19 од истиот Правилник, се впишуваат податоци за материјалите и предметите што од страна на сопственикот или друго ополномоштено лице се предадени на музејот со цел привремено или трајно чувањемузејски предмети кои не се во негова сопственост, конкретно за 87 музејски предмети (икони-66, црковни предмети-21), кои се изложени во Подружницата - ***Галерија на икони,*** сместена во црквата „Св.15 Тивериополски свештеномаченици" во Струмица, а што не се во сопственост на Установата.

1.5. Согласно со обврската од член **41 став (3) од Законот за музеите,** според кој што директорот поведува постапка за реизбор во стручно звање во рок од три месеци пред истакот на рокот за реизбор, пред Министерството за култура, да се поведе постапка за реизбор во стручно звање на 4 вработени, од кои еден со звање кустос советник и 3 со звање виш кустос.

1.6.Во целост да се почитува обрската од **член 18 став (3) од Законот за музеите (согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите, објавен во „Сл. весник на РМ" бр. 88/2015)**, која што се однесува на прибавување на музејски материјал и музејски предмети преку купување, подароци, легати, завештенија, размена, отстапување и преземање од други физички и правни лица согласно со Законот за музеите и друг закон, а во кој случај музејот мора да обезбеди доказ за сопственост на предметот (купопродажен договор, акт за наследување или изјава за сопственост на предметот), како и изјава заверена кај нотар дека предметот не потекнува од недозволени и неконтролирани ископувања, кражби, недозволен извоз и увоз или од други противправни дејствија.


Министерство за култура и туризамна Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

1.7.Да се спроведуваат мерки на превентивна и трајна заштита на музејскиот материјал и музејските предмети согласно со обврската од член 19 од Законот за музеите.

Со издаденото Решение со наредба, определен е рокот за извршување на изречената инспекциска мерка за отстранување на утврдените неправилности и тоа од точката 1.2., 1.3., 1.4. и 1.5. - 30 дена од приемот на Решението, а од точката 1.1. и 1.6. и 1.7., постојано од денот на приемот на решението.

Инспекциската мерка - решение со наредба, со коешто е определен рок за отстранување на утврдените неправилности е изречена согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од Законот за инспекциски надзор.

Во однос на горецитираниот Записник, од страна на НУ-ЗЗСКМ-Струмица со Допис бр. 03-263/3 од 03.07.2024 г., **во законски предвидениот рок е дадено произнесување, односно забелешки** во делот за „утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот" точка 3 – **постапка за реизбор**, при што меѓудругото е дадено образложение дека „Наредбата за комплетирање на документите е дадена со оглед на сезоната на користење годишни одмори и обемноста на потребната документација, а во интерес на запазување на рокот од најдоцна 3 месеци пред истекување на рокот за реизбор, а кој се паѓа во септември (2024 г.)". Согласно со Допис ИП1 бр. 57-52 од 01.08.2024 г., дадените забелешки се **прифатени како основани**, односно во конкретниот случај дека рокот од 5 (пет) години за поведување постапка за реизбор, тече од денот на распоредувањето на работното место со изборното звање и тоа за: распоредена согласно со Решение бр. 04-649/1 од 25.12.2019 г., распореден согласно со Решение бр. 04-645/1 25.12.2019 г. и распореден согласно со Решение бр. 04-644/1 од 25.12.2019 г., од што произлегува дека рокот од најдоцна 3 (три) месеци пред истекот на рокот за реизбор на горенаведените вработени, не е поминат и истиот завршува во м. септември, 2024 година, додека за , чие Решение за распоредување е од 2020 г. (Решение бр. 04-379/1 од 18.08.2020 г.), постапката е запрена.

Оттука, по однос на предметниот инспекциски наод за постапката за реизбор, НУ-ЗЗСКМ, Стумица е известен дека нема обврска да постапи во дадениот рок од 30 дена по т. 1.5. од Решението за наредба ИП1 бр. 57-52 од 01.07.2024 г., туку **во м. септември, 2024 г.**, за горенаведените 3 виши кустоси.


Министерство за култура и туризамна Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

-Во однос на **т. 1.1.** од горецитираното Решение со наредба, основната музејска евиденција, односно Влезната книга на музејскиот материјал, Инвентарна книга на музејските предмети, Излезната книганамузејскиот материјал и музејските предмети, Картотека на музејски предметии Каталогот на музејски предмети за сите музејски предмети во сопственост на Музејот, **да се води во целост на начин пропишан согласно со членовите 2, 3 и 4** од Правилникот, утврдено е дека, во меѓувреме сите исписи од **Излезната книгата на музејскиот материјал и музејските предмети**, што времено или трајно излегува од Установата, по различни основи (престанок на заштита, позајмување, размена, презентација, истражување и друго), што се води во електронски облик, се заверени со потпис на овластеното лице и со печат на Установата согласно со обврската од член 2 став (2) од Правилникот, при што последниот испис од Излезната книга е под **редниот бр. 3.589, за вкупно 20 златни монети** (забелешка: хиперпери чанклија пор. Инв. бр. 0075), **времено изнесени на 16.10.2014 г., за потребите на НУ-Археолошки музеј на РСМ, Скопје, а вратени на 10.10.2021 г.**. (забелешка: според претходно дадената изјава на кустос советник, редниот број на уписот во Излезната книга, е редниот број од Влезната книга).

При надзорот е утврдено дека и исписите од **Книгата за изложби за реализираните постојни изложбени поставки, повремени и подвижни изложби во Установата**, што се води во електронски облик се заверени со потпис на овластеното лице и со печат на Установата согласно со обврската од член 2 став (2) од Правилникот, при што последното евидентирање е од 2023 г., со Изложбата „Животот и делото на Ченто низ фотографии", одржана во периодот од 20.05.2023 г., до 20.06.2023 година. Во однос на картотеката на музејски предмети и Каталогот на музејски предмети, соодветно објаснување е дадено во делот на постапување по т. 1.2. од издаденото Решение со наредба.

-Во однос на **т. 1.2.** од горецитираното Решение со наредба, за сите записи од постојната електронска евиденција (**картотеката на музејски предмети и Каталогот на музејскипредмети**), **да бидат направени, т.е. испечатени исписи на хартија на посебен лист и истите да бидат соодветно заверени со потпис на одговорното лице - директор и со печат на Музејот согласно со обврската од член 2 став (2) од Правилникот**, утврдено е дека за **сите записи од картотеката на музејски предмети** во НУ-ЗЗСКМ-Струмица, што се води во електронски облик, во меѓувреме **се направени, односно испечатени исписи на хартија на посебен лист и заверени со потпис на овластеното лице и со печат на Установата**


Министерство за култура и туризамна
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

согласно со **обврската од член 2 став (2) од Правилникот**, при што е утврдено дека последниот испис од картотеката е за музејскиот предмет – фрескоживопис – лик на светител (фрагменти), со инв. број ЗМС-У-0005951, од „археолошкото истражување од 2019 г. во внатрешноста на средновековната црква".

За **Каталогот на музејски предмети**, којшто согласно со обврската утврдена во член 20 став (1) и (2) од Законот за музеите и на начин утврден во членовите 5 и 16 од Правилникот, треба да се води **за сите музејски предмети во сопственост на Музејот** и да произлегува од информативните полиња на книгата на инвентар, а може да биде класифициран според различни критериуми (хронологија, тематика, систематска припадност и друго), а за којшто при редовниот инспекциски надзор е утврдено дека во електронската евиденција содржи записи за сите музејски предмети, евидентирани во Книгата на инвентар, почнувајќи од музејскиот предмет со инв. број ЗМС-Е-000001, заклучно со инв. број **ЗМС-А-0005932**, за музејскиот предмет – монета, набавен со откуп од ., според испратените податоци од раководител на Секторот за музејска дејност и заштита на движно културно наследство - кустос советник, за записите од Каталогот, се уште не се направени, односно испечатени исписи на хартија на посебен лист, поради недостиг на потребните финансиски средства и проблеми со обезбедување тонер и хартија, а коешто во 2025 година, ќе биде надминато со добивањето на првични средства за материјални трошоци (од Буџетот на РСМ), како и од сопствената сметка на Установата.

Воедно, при надзорот е утврдено дека согласно со доставената Нацрт-годишната програма за работа на НУ-ЗЗСКМ, Струмица за 2025 г., со дел. бр. 01-274/3 од 17.12.2024 г., за реализација е предвиден и проектот „Каталог на монети од XIV до XX век".

-Во однос на **т. 1.3.** од горецитираното Решение со наредба, согласно со обврската од член 3 став (1) од Правилникот, листовите од направените записи од електронската евиденција, **да бидат подврзани во тврдо укоричена музејска книга за евиденција,** најмногу до 500 страници, соодветно нумерирани, односно секоја страница да е обележана со реден број (според член 3 ставовите (3) и (4) од Правилникот, по правило во една музејска книга се подврзуваат најмалку дваесет и пет листови, а според член 3 став (2), музејската книга на задната страна на корицата, се заверува со своеречан потпис на одговорното лице и печат на музејот), утврдено е дека не е постапено по оваа обврска. Според добиените


Министерство за култура и туризамна
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

податоци при надзорот, за укоричување и подврзување на целокупната музејска евиденција, на увид е доставена ПОНУДА за укоричување од 28.01.2025 г. (заведена во Установата, под дел .бр. 03-53/1 од 28.01.2025 г.), **поднесена од ДПТУ АС-ОФИС ДООЕЛ од Струмица и тоа за „укоричување со тврд поднест и сито штампа на предна корица" – количина 1, во единечна цена од 480 денари**, со напомена дека укоричувањето на музејската евиденција ќе оди етапно, според обезбедените средства и дека нумерирањето на записите, односно исписите се врши на начин согласно со постојниот софтвер за водење на музејската евиденција.

-Во однос на т. 1.4.од горецитираното Решение со наредба, покрај задолжителната основна музејска евиденција согласно со **член 17 од Правилникот**, НУ-ЗЗСКМ-Струмица да започне и со водењена **дополнителна музејска евиденција - Книга за чување на музејските материјали, што не се во сопственост на музејот**, во којашто согласно со членовите 18 и 19 од истиот Правилник, се впишуваат податоци за материјалите и предметите што од страна на сопственикот или друго ополномоштено лице се предадени на музејот со цел привремено или трајно чувањемузејски предмети кои не се во негова сопственост, конкретно за 87 музејски предмети (икони-66, црковни предмети-21), кои се изложени во **Подружницата -Галерија на икони,** сместена во црквата „Св.15 Тивериополски свештеномаченици" во Струмица, а што не се во сопственост на Установата, утврдено е дека е постапено по оваа точка од Решението, односно испечатени се исписи за сите музејски предмети од Подружницата - Галерија на икони, како и од други сопственици и истите се заверени со потпис на овластеното лице и со печат на Установата согласно со обврската од член 2 став (2) од Правилникот, при што првиот испис од Книгата за чување на музејските материјали, што не се во сопственост на музејот, е **под редниот број 01/2024 г. – икона од Григориј Пецанова**, 19 век, во сопственост на МПЦ-струмичка епархија Црква „Св. Петка", с. Варварица, предадена согласно со Реверс бр. 03-151/1 од 2004 г., апоследниот испис, е **под редниот број 90/2024 г. – слика од Васил Алашов**, 2016 г., во сопственост на Министерството за култура, предадена согласно со Записникот за примопредавање бр. 03-120/2 од 07.03.2017 г., сите со цел за изложување и чување.

Книгата за чување на музејските материјали, што не се во сопственост на музејот, ги содржи следните податоци: назив и место на музејот, реден број во книгата за упис на м.м. и година, сопственикот на предметот што се чува во музејот, цел на чување, идентификација на предметот – вид, автор, наслов/име, димензии, широчина, висина, дебелина, место и време на настанување, категоризација,


Министерство за култура и туризамна
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

состојба на предметот, податоци за влез на предметот – датум, акт за превземање на предметот, сместување, податоци за враќање на предметот – датум, акт за враќање на предметот и лице одговорно за податоците, забелешка и фотографија.

-Во однос на т .1.5. од горецитираното Решение со наредба, согласно со обврската од член 41 став (3) **од Законот за музеите,** според кој што **директорот поведува постапка за реизбор во стручно звање во рок од три месеци пред истакот на рокот за реизбор, пред Министерството за култура**, да се **поведе постапка за реизбор во стручно звање** на 4 вработени, од кои еден со звање кустос советник и 3 со звање виш кустос (за којашто се прифатени како основани дадените забелешки), при надзорот на увид се презентирани решенијата, донесени од страна на министерот за култура и туризам,**за избор во повисоко стручно звање** на сите со звање виш кустос и тоа:

-Решение УП1 бр. 31 - 559 од 20.08.2024 г., за избор на историчар во стручно звање кустос советник, Решение УП1 бр. 31 - 557 од 19.09.2024 г., за избор на етнолог во стручно звање кустос советник и Решение УП1 бр. 31 - 558 од 20.08.2024 г., за избор на археолог во стручно звање кустос советник. Предметните постапки за избор во стручни звања, се спроведени од страна на Рецензионата комисија за избор и реизбор во стручни звања во областа на историја, формирана со Решение бр. 29-12951/1 од 21.12.2022 г. и Решение бр. 29-12953/1 од 21.12.2022 г., како и од Рецензионата комисија за избор и реизбор во стручни звања во областа на археологија, формирана со Решение бр. 29-12950/1 од 21.12.2022 г., бр. 53-2543/1 од 08.03.2023 г. и бр. 29-10544/1 од 28.11.2023 г., сите донесени од министерот за култура, а од чијашто страна до министерот за култура и туризам се дадени предлози, со коишто е утврдено дека кандидатите ги исполнуваат условите утврдени во членот 39 од Законот за музеите, додека за вработениот м-р к (распореден на работното место - раководител на Сектор за музејска дејност и заштита на движно културно наследство, согласно со Решение бр. 04-373/1 од 18.08.2020 г.), со наполнети 54 г. на 07.12.2024 г., се применува членот 39 став (6) од Законот за музеите.

-Во однос на т. 1.6. **од Решението со наредба**, во целост да се почитува обрската од **член 18 став (3) од Законот за музеите (согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите, објавен во „Сл. весник на РМ" бр. 88/2015)**, којашто се однесува на прибавување на музејски материјал и музејски предмети преку купување, подароци, легати, завештенија, размена, отстапување и преземање од други физички и правни лица согласно со Законот за музеите и друг


Министерство за култура и туризамна
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

закон, а во кој случај музејот мора да обезбеди доказ за сопственост на предметот (купопродажен договор, акт за наследување или изјава за сопственост на предметот), како и изјава заверена кај нотар дека предметот не потекнува од недозволени и неконтролирани ископувања, кражби, недозволен извоз и увоз или од други противправни дејствија, на увид е доставен Записник со дел. бр. 12-379/1 од 05.08.2024 г., за извршено примопредавање на 4 (четири) етнолошки предмети (ќилим – вкупно 2, ламба – 1 и аван за толчење-1), подарени од страна на лицето од Струмица, при што Записникот е заверен кај нотар Снежана Михаилова под УЗП бр. 900/2024 на 05.08.2024 година.

Во однос на т. 1.7. **од Решението со наредба**, да се спроведуваат мерки на превентивна и трајна заштита на музејскиот материјал и музејските предмети согласно со обврската од член 19 од Законот за музеите, утврдено е дека се применуваат досегашните мерки за заштита на музејскиот фонд.

**Врз основа на увидот во горенаведената документација:**

**-Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот.**

При контролниот инспекциски надзор, утврдено е дека субјектот на надзорот – НУ– Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Струмица, во рокот определен со инспекцискиот акт, постапил по инспекцискиот акт - Решение со наредба ИП 1 бр. 57-52 од 01.07.2024 година, при што за т. 1.2. од Решението со наредба, по обезбедувањето на потребните финансиски средства (за печатење на исписите од Каталогот на музејските предмети), а за т. 1.3. од Решението со наредба (за укоричување), превземал активности за постапување по однос на истата.

**Поради тоа што претходно утврдените неправилности во работењето на субјектот, од аспект на примена на горенаведените одредби од Законот за музеите, се отстранети во рокот утврден со Решението со наредба ИП 1 бр. 57-52 од 01.07.2024 г., од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Поради обемот и сложенота на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на


Министерство за култура и туризамна Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам согласно со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

Записникот е составен во 3 (три) еднакви примероци, од кои 2 (два) за потребите на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам, а еден примерок за НУ– Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Струмица.

11. Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки .

12. Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис и печат на претставникот на субјектот на надзор: | I вршител на должност директор на НУ-ЗЗСКМ, Струмица | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Сабина Синан, главен инспектор за култура |
| Датум: 05.02.2025 | 04.02.2025 г. | Датум: | 29.01.2025 г. |

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.



Министерство за култура и туризамна
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk